Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 13.08.2023

Денеска (13.08.2023) во 00.00 часот, на излез од с.Чегране, полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода Е.Б.(26) и В.С.(23), двајцата од истото село, кои биле со патничко возило „мерседес" со италијанска национална ознака, затов што кај нив била пронајдена и одземена дела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (13.08.2023) во 02.10 часот во угостителски објект во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода О.К.(33) од прилепско, затов што кај него била пронајдена и одземена дела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.08.2023 во 17.20 часот на магистралниот пат Охрид-Кичево, кај с.Другово, полициски службеници од Полициската станица Кичево ги лишиле од слобода М.Н.(30) и М.К.(27), двајцата од Скопје, кои биле со патничко возило „хонда цивик" со скопски регистарски ознаки, затов што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и семки од канабис. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 13.08.2023 во 05.35 часот од полициски службеници од СВР Струмица лишени се од слобода Е.И.(22) од Скопје и С.А. од Струмица, поради постоење основи на сомнение дека извршиле кривично дело „разбојништво". Имено, околу 05.00 часот во казино на ул.„Балканска" во Струмица Е.И., кој бил заедно со С.А., со закана со остра предмет кон вработеникот одзел пари од касата. Двете лица набрзо се пронајдени и приведени, а одземените пари се вратени на сопственикот. Лицата се задржани во полициска станица и по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (13.08.2023) во 00.40 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници ги лишиле од слобода М.Г.(20) од Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.08.2023 во 21.15 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Д.С.(42) од Велес, кој бил во патничко моторно возило „голф" со велешки регистарски ознаки, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (12.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 173 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 46 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, девет санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, 18 мерки за возење под дејство на алкохол. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за некористење сигурносен појас, четири мерки за минување на затворен сигнал(црвено светло)...

На 12.08.2023 во 15.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Т.Ч.(28) од Скопје приврзила дека на ул.„Пушкинова" била каснато од куче скитник.

Денеска (13.08.2023) во 11.30 часот полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје и Отсекот за општ криминалитет при СВР Куманово ги лишиле од слобода А.Љ.(27) од Куманово. При претрес во неговиот дом извршен по судска наредба биле пронајдени марихуана, таблети, амфетамин, дробилка, дигитална вага и поголема сума на пари во различни валути и апоени. Додека, при преглед на неговото возило „мерседес" биле пронајдени предмети кои потекнуваат од кривично дело. А.Љ. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 12.08.2023 во 16.50 часот на кеј „Македонија" во Охрид од полициски службеници од СВР Охрид приведен е U.P.(20) од струмичкото село Баница, бидејќи кај него бил пронајден и одземен нож. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.08.2023 во 18.10 часот во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани ги лишиле од слобода А.А.(65) од Кочани, поради тоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службено дејство. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.08.2023 во 18.40 часот на клучка - влез во Гевгелија, полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин и граничен надзор Богородица пронашле 8 лица мигранти од Сирија, кои претходно се превезувале со возило „сеат толедо" со скопски регистарски ознаки, од кое возачот избегал по случајна сообраќајна незгода со возило „опел вектра". Известен бил Јавен обвинител, а мигрантите биле пренесени во Прифатно-транзитниот центар „Винојуг", Гевгелија за понатамошна постапка. Се преземинаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2023 во 21.50 часот во СВР Битола од Клиничката болница Битола било пријавено дека кај нив бил донесен Т.Д.(50) од Битола, кој се здобил со тешки телесни повреди додека извршувал работни задачи во рудник во околината на Битола. Известени биле Јавен обвинител и трудов инспектор. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 12/13.08.2023 година од 23.00 до 05.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид реализирани се зајакнати контроли во патниот сообраќај. Притоа, полициските службеници затекнале 14 возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-07, Струга-01, Кичево-05, Дебар-01). Тие веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.Т.(20) и Ш.Ш.(20), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 29.08.2023, полициските службеници извршиле претрес во домот на приврзаниот, при кој бил пронајдено и одземе марихуана и хашиш смола.

На 12.08.2023 во 17.56 часот во СВР Скопје, 30-годишна жена пријавила дека во домот на подрачјето на Кисела Вода била физички нападнатa од нејзиниот сопруг Д.К.(32). Се преземинаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2023 во 18.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека на патот за Попова Шапка, на местото викано „Купеник", настанал пожар во викенд куќа сопственост на С.И.(51). Пожарот бил изгаснат од Теритијалната протопожарна единица. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

Денеска (13.08.2023) во 05.00 часот во СВР Скопје, Б.Д.(36) од Скопје пријавила дека на 12.08.2023 околу 23.30 часот зад трговски центар на подрачјето на Аеродром, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од две лица, од кои едното употребило и тврд предмет. Се преземинаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2023 во 20.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во С.Арачиново, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Б.(68), од една страна и М.Б.(51) и А.Б., од друга страна, сите од истото село. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.С.(36) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 13.11.2022 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед на возилото кое го управувал пријавениот, при што пронашле и одземе марихуана.

Денеска (13.08.2023) во 01.41 часот во СВР Скопје 42-годишен маж пријавил дека околу 00.10 часот во скопско бил физички нападнат од неговиот брат Д.Г. и неговиот внук М.Г.. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.08.2023 во 20.00 часот во СВР Скопје А.М.(34) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија, бил физички нападнат од С.М.. Се преземинаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (13.08.2023) во 00.55 часот во СВР Тетово, А.В.(48) од с.Милетино пријавил дека на 12.08.2023 околу 21.50 часот во Тетово, по претходно случена сообраќајна незгода, тој и С.Х.(32) биле физички нападнати од неколку лица. Се преземинаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2023 во 20.00 часот во скопско полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода З.З.(55), поради тоа што во домот физички го нападнал неговиот малолетен син. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.08.2023 во 18.53 часот во СВР Куманово било пријавено дека во Куманово, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу В.П.(38) и Т.С.(59). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.М.(41) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 13.09.2022 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одземе кокаин.

На 13.08.2023 во СВР Струмица е пријавено дека околу 11.30 часот во Дојран, едно лице од педалинка влегло во водите на Дојранското Езеро, но набрзо потонало. Полициски службеници од СВР Струмица излегле на местото на несреќата при што било утврдено дека станува збор за 42-годишник од Штип. Нуркачки тим од САЕ „Тигар" презеде мерки за пронаоѓање и извлекување на телото.

На 12.08.2023 во 01.30 часот во Полициската станица Радовиш, М.М.(45) пријавил дека на 11.08.2023 околу 17.00 часот во с.Коџалија, Е.А.(42) од истото село, по кратка расправија, замавнал со остар предмет кон него, но го удрил неговиот малолетен син, нанесувајќи му гребнатина на потколеницата. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (13.08.2023) во 00.20 часот во СВР Тетово, малолетник од с.Челопек пријавил дека во селото бил физички нападнат од Е.М. и уште едно лице. Се преземинаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2023 во 22.20 часот од полициски службеници од Полициското одделение Ростуше бил лишен од слобода Б.Ј.(28), поради тоа што во домот физички ја нападнал неговата 27-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против К.Р.(25) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 17.02.2023 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило, управувано од пријавениот, при што пронашле и одземе марихуана.

На 12.08.2023 во 16.20 часот полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Е.Б.(42) и Е.Б.(39), двајцата од с.Батинци, скопско, поради тоа што околу 13.40 часот на бул.„Борис Трајковски", по претходна расправија околу сообраќајот, учествувале во физичка пресметка со О.З.(26) од с.Морани, кој бил заедно со 52-годишната Б.З.. Во пресметката О.З. се здобил со тешки телесни повреди, а Б.З. била физички нападната, во обид да ги раздели. По целосно расчистување на случајот ќе следува поднесок.

На 12.08.2023 во 18.45 часот во Полициското одделение Жеровјане, Б.П.(54) од с.Волковија пријавил дека во селото бил физички нападнат од Г.М.. Се преземинаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Радовиш, Б.О.(47) пријавила дека во Радовиш била физички нападната со тврд предмет од Б.Д.. Се преземинаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2023 во 15.55 часот во СВР Скопје, Л.К.Д.(54) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Гази Баба од залатакано зрно й било направено оштетување на покривната конструкција од гаражата. Се преземинаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2023 во 15.30 часот во СВР Штип, 39-годишна жена пријавила дека околу 10.00 часот во Штип била физички нападната од нејзиниот сопруг Т.Ј., кој употребил и тврд предмет. Се преземинаат мерки за расчистување на случајот.

Сеној упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет